Рокот за изградба на административно-деловната зграда и подземен паркинг простор од став 1 на овој член се продолжува и тоа:

- За делот кој што треба да припадне на Општината рокот за изградба се продолжува до 31.05.2018 година, во кој рок влегува и набавка и поставување на целокупниот мебел и опрема согласно Анекс договорот број 03-255/1 од 29.01.2015 година.

**Член 2**

Се обврзува Приватниот партнер Друштвото за градежништво, транспорт и трговија „ТРАНСМЕТ" ДОО – Скопје, во рок од 20 дена од денот на стапување во сила на оваа Одлука, да достави важечка банкарска гаранција со важност до 31.05.2018 година плус 14 дена, во спротивно општината ќе го раскине договорот, согласно член 24 од истиот.

**Член 3**

Доколку Приватниот партнер Друштвото за градежништво, транспорт и трговија „ТРАНСМЕТ" ДОО – Скопје, не го испочитува рокот утврден во член 1 став 3 од оваа Одлука, тогаш јавниот партнер го задржува правото договорната казна за непочитување на рокот

предвидена во член 22 од основниот договор, да ја наплати за период од 05.12.2017 година до важноста на банкарската гаранција.

**Член 4**

Се овластува градоначалникот на општина Ѓорче Петров да склучи Анекс-договор кон основниот договор солемнизиран кај овластен Нотар за продолжување на рокот за изградба на административно-деловната зграда и подземен паркинг простор.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-262/5**
**Од 31.01.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Буџетски календар на Општина**
**Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Буџетскиот календар на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Петтата седница на Советот, одржана на ден 31.01.2018 година.

**Број 09-373/4**
**од 31.01.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Службен весник на Р.М. бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 16 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров- Пречистен текст ( Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на општина Ѓорче Петров на 5-та седница одржана на 29.01.2018година, донесе:

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2018 година**

| Ред. број | **АКТИВНОСТИ** | **Месеци во годината** |
|---|---|---|
| 1. | Советот на Општина Ѓорче Петров го усвојува буџетскиот календар | **Јануари** |
| 2. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2019 г. до сите организациони единици на општината, како и до сите буџетски корисници, т.е. општински јавни установи | **До 30 Јуни** |
| 3. | Сите организациони единици и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметки за наредната година со образложение за висината на износите по позиции, како и извори на приходи | **Најдоцна до 20-ти Септември** |
| 4. | Министерството за финансии доставува Циркулар-насоки за подготвување на Буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | **Најдоцна до 30-ти Септември** |
| 5. | Секторот за финансиски прашања подготвува проценка на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | **до 15-ти Октомври** |
| 6. | Градоначалникот организира собири со граѓаните по Месни и Урбани заедници, на кои се истакнуваат проблемите и потребите на граѓаните | **од 01-ви до 10-ти Октомври** |
| 7. | Секторот за финансиски пашања го изготвува Предлог-буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | **до 10-ти Ноември** |
| 8. | Градоначалникот го претставува Предлог-буџетот на јавноста - граѓаните, Месни и Урбани заедници, медиум и т.н. | **До 30-ти Ноември** |
| 9. | Градоначалникот доставува конечна верзија на Предлог-Буџет за наредната година до Советот на општината | **Најдоцна до 10-ти Декември** |
| 10. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува Предлог-буџетот за наредната година | **Најдоцна до 31 Декември** |

Буџетскиот календар за 2018 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08 - 262/6**
**31.01.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за Измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Одлуката за Измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петтата седница на Советот, одржана на ден 31.01.2018 година.

**Број 09-373/5**
**од 31.01.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл. весник на Р.М." бр. 61/04, 96/04, 156/09, 47/11 и192/15), член 1, 3, 29-а, 29-г и 29-д од Законот за плати и други надоместоци на пратеници во Собранието на Р.М. и други избрани и именувани лица во Р.М. ("Сл. весник на Р.М." бр. 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/2012, 145/2012, 170/2013 и 139/2014), член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на општина Ѓорче Петров на 5-тата седница одржана на 31.01.2018 година , донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополна на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

**Член 1**

Во одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година бр. 08-3724/4 од 26.12.2017 г. ("Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.20/17), во член 9 алинеја 1 од ставот 1 се заменува со зборовите "коефициентот на градоначалникот изнесува 3,2 , а основицата изнесува 26.755 денари.

Во член 14 став 2 после бројката 50% се додаваат зборовите "од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата, 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управата и 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена." ( Согласно Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци "Сл.Весник на Р.М." бр. 20/00, 64/01, 11/08, 82/10, 12/12, 05/13, 1/14 и 90/14). Зборовите "од утврдената во Уредбата од Влада на Р.М." се бришат.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров", а ќе се применува од 01 Јануари 2018 година.

**Број 08-262/7**
**од 31.01.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства**
**на ФК „Македонија - Ѓорче Петров 1932“ АД - Скопје**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на ФК „Македонија-Ѓорче Петров 1932“ АД-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петтата седница на Советот, одржана на ден 31.01.2018 година.

**Број 09-373/6**
**од 31.01.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 29/2002; 66/2004; 83/2005; 81/2008; 18/2011; 51/2011; 64/2012; 148/2013; 187/2013; 42/2014; 138/2014; 177/2014; 72/2015; 153/2015; 6/2016; 55/2016; 61/2016 и 106/2016), член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година број 08-3724/4 од 26.12.2017 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.19/2017), Советот на Општина Ѓорче Петров на 5-тата Седница одржана на ден 31.01.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на ФК Македонија**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансфер до спортски клубови, на ФК „Македонија - Ѓорче Петров 1932“ АД-Скопје, се доделува износ од 1.230.000,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за подготовка и одигрување на пријателски натпревари во Охрид во траење од 14 дена, набавка на спортска опрема за сениорскиот тим и реновирање на теренот и соблекувалните.

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука, ФК Македонија – Ѓорче Петров 1932 АД-Скопје, се обврзува да потпише меморандум за соработка со Општина Ѓорче Петров, а по завршување на активностите опишани во барањето бр. 05-213/1 од 18.01.2018 година, да поднесат детален финансов извештај до општината за потрошените финансиски средства добиени од општината, поткрепен со финансиска документација.

**Член 3**

Средствата да се уплатат на ФК Македонија – Ѓорче Петров 1932 АД-Скопје, на жиро сметка број 280 1041019972 68, СИЛК РОУД Банка а.д.-Скопје.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила осум дена од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-262/8**
**од 31.01.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување финансиски средства на ФК „Волково 1964“ - Скопје**

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства на ФК„Волково 1964“-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петтата седница на Советот, одржана на ден 31.01.2018 година.

**Број 09-373/7**
**од 31.01.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 алинеа 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 18/2011), член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година број 08-3724/4 од 26.12.2017 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.19/2017), Советот на Општина Ѓорче Петров на 5-тата Седница одржана на ден 31.01.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на ФК „Волково 1964" - Скопје**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансфер до спортски клубови, на ФК „Волково 1964 "- Скопје, се доделува износ од 300.000,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за учество во Трета лига.

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука, ФК Волково 1964 – Скопје, се обврзува да потпише меморандум за соработка со Општина Ѓорче Петров, а по завршување на активностите опишани во барањето и спецификацијата бр. 05-193/2 од 17.01.2018 година, да поднесат детален финансов извештај до општината за потрошените финансиски средства добиени од општината, поткрепен со финансиска документација.

**Член 3**

Средствата да се уплатат на име ФК „Волково 1964 ", на жиро сметка број 300000003496110, ЕДБ 4044012507258, Комерцијална Банка а.д.-Скопје, со цел на дознака: Котизација за пролетен дел 2018/2019 година.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-262/9**
**од 31.01.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување финансиски средства на Здружение за популаризација и промоција на кошарката „3X3 Баскетбал“ - Скопје**

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства на Здружение за популаризација и промоција на кошарката „3X3 Баскетбал“ - Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петтата седница на Советот, одржана на ден 31.01.2018 година.

**Број 09-373/8**
**од 31.01.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 алинеа 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 18/2011), член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година број 08-3724/4 од 26.12.2017 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.19/2017), Советот на Општина Ѓорче Петров на 5-тата Седница одржана на ден 31.01.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на Здружение за популаризација и промоција на кошарката „3Х3 Баскетбал“ - Скопје**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година - Програм ДО Градоначалник, позиција 463110 - Трансфер до здруженија на граѓани, на Здружение за популаризација и промоција на кошарката „3Х3 Баскетбал“ - Скопје, се доделува износ од 180.000,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за организација на FIBA 3X3 U15 турнир за основните училишта во Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука, Здружение за популаризација и промоција на кошарката „3Х3 Баскетбал“ - Скопје, се обврзува да потпише меморандум за соработка со Општина Ѓорче Петров, а по завршување на активностите опишани во барањето бр. 03-3905/1 од 28.12.2017 година, да поднесат детален финансов извештај до општината за потрошените финансиски средства добиени од општината, поткрепен со финансиска документација.

**Член 2**

Средствата да се уплатат на име Здружение за популаризација и промоција на кошарката „3Х3 Баскетбал“ - Скопје„ на жиро сметка број 210072239780171, ЕДБ 4044017513844, НЛБ Тутунска Банка а.д.-Скопје.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-262/10** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 31.01.2018 година** **Претседател,**
**С к о п ј е** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување финансиски средства на РК „Македонија Ѓорче Петров"- Скопје**

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства на РК „Македонија Ѓорче Петров"- Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петтата седница на Советот, одржана на ден 31.01.2018 година.

**Број 09-373/9**
**од 31.01.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 алинеа 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 18/2011), член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година број 08-3724/4 од 26.12.2017 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.19/2017), Советот на Општина Ѓорче Петров на 5-тата Седница одржана на ден 31.01.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на РК „Македонија Ѓорче Петров“**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансфер до спортски клубови, на РК Македонија „Ѓорче Петров“- Скопје, се доделува износ од 300.000,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за учество на пролетна полусезона 2017/2018, што подразбира натпревари во кадетска и младинска категорија, тренажен процес, набавка на реквизити за тренинзи, тренерски семинари и припрема на екипата за натпреварување во Прва ракометна лига.

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука, РК Македонија „Ѓорче Петров“ - Скопје, се обврзува да потпише меморандум за соработка со Општина Ѓорче Петров, а по завршување на активностите опишани во барањето бр. 05-182/1 од 16.01.2018 година, да поднесат детален финансов извештај до општината за потрошените финансиски средства добиени од општината, поткрепен со финансиска документација.

**Член 3**

Средствата да се уплатат на име РК „Македонија Ѓорче Петров“, на жиро сметка број 2700689541701.82, ЕДБ 4044013508471, Халк Банка а.д.-Скопје.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-262/11**
**од 31.01.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месната канцеларија во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месната канцеларија во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петтата седница на Советот, одржана на ден 31.01.2018 година.

**Број 09-373/10**
**од 31.01.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 27 и 29 од Законот за семејство (пречистен текст) 84/2008) и Законот за измени и дополнување на Законот за семејство (Службен Весник на Р.М.број 67/2010), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст ( Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 5-тата Седница одржана на ден 31.01.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месната канцеларија во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров за членови при склучување на бракови во Матичната служба на Град Скопје и Месната канцеларија во Општина Ѓорче Петров, ги избира :

**Во Матична служба на Град Скопје :**

1. Верка Перовска
2. Марија Тодороска
3. Данијел Апостолоски

**Во Месна канцеларија Ѓорче Петров**

1. Стефанија Стојмановска
2. Ребека Илкова
3. Јасмина Гацева
4. Милка Спасевска

**Член 2**

Со стапувањето на сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за избор на членови на советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување бракови во Матичната служба на Град Скопје и Месната канцеларија во Општина Ѓорче Петров број 08-3312/13 од 16.11.2017 година (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/17).

**Член 3**

Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-262/12**
**од 31.01.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**